МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ - Закон
# за изменување и дополнување на Закон за техничката инспекција
# по скратена постапка

Скопје, јули 2010 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Надлежноста и организацијата на Државната техничка инспекција, начинот на вршење на техничката инспекција при користење на техничката опрема и условите кои треба да ги исполнуваат независните правни лица  за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, како и начинот на пропишување на техничките прописи за техничка опрема се уредени со Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија” бр.88/2008).
Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на можност на поефикасно работење на техничката инспекција,се во насока на намалување на висината на глобите за корисник на опремата  кое може да биде физичко или правно лице за прекршување на одредбите од предметниот закон и класификација на казните со цел да се унапреди и олесни казнената политика и се излезе во пресрет на барањата на стопанствениците и бизнис заедницата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е потребата од поефикасно работење на техничката инспекција.
Законот, чие донесување се предлага се засновува  на истите начела на кои се заснова  и  основниот текст на законот.
Предложените измени на законот ги содржат следните решенија:
- се дополнуваат одредби со кое се овозможува на странски независни правни лица акредитирани од земји членки на Европската Унија или земји кандидатки за членство во ЕУ под услов нивните акредитациони тела во соодветната област  да се потписнички  на Договорот за меѓусебно признавање на акредитацијата - МЛА.
-  се овозможува  поефикасно работење на Државниот технички  инспекторат.
- се намалува висината на глобата за прекршоци во распон од 30- 50%, се врши рангирање на прекршоците во  три нивоа. Се воведува укажување, па на сторителите подлежат на едукација, за неостранување на неправилностите  следат натамошни дејствија како за сторен прекршок.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција не предизвикува фискални импликации врз  Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените измени и дополнувања на овој Закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

V. Со оглед на тоа дека  се исполнети условите во членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ( " Службен весник на Република Македонија" број 91/2008), предлагаме донесувањето на закон по скратена постапка  со оглед на тоа дека не е во прашање сложен и обемен закон.

ПРЕДЛОГ
На Закон за изменување и дополнување на Законот за
техничката инспекција

Член 1

Во Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2008) во членот 2, после точката 6 се додаваат четири нови точки 7, 8, 9 и 10 кои гласат :
„7. „Инспекциски надзор" е секоја активност која опфаќа проверка на примената на законите и техничките прописи при користење на определена техничка опремач
8. „Технички преглед" е секоја активност која опфаќа проверка на проектот, проверка на влезната и излезната документација, проверка на системот на квалитет, проверка на сите испитувања потребни за докажување на безбедноста на техничката опрема како и директна и специфична визуелна контрола;
9. „Периодично испитување " е секое испитување потребно за докажување на безбедноста на техничката опрема согласно со стандардите и техничките спецификации според кои истата е произведена".
Точките 7, 8 и 9 стануваат 10 , 11, 12 и 13.
Во Член 2 став 1, се додава точка 10 која гласи:
„10. „Одобрено тело" е инспекциско тело кое е одобрено (признато) од овластено тело и кое е: препознатливо во однос на организацијата вклучена во проектирањето, производството, снабдувањето, употребата и одржувањето на опремата што ја испитува; не е директно вклучено во проектирањето, производството, снабдувањето, употребата и одржувањето опремата што ја испитува и кадешто постои јасно разграничување на одговорностите на инспекцискиот персонал од оној на персоналот кој работи на други задачи, што мора да биде утврдено со систематизација и методи на известување на инспекциското тело во состав на организацијата.

Член 2

Во член 3 се додава нов став 2, кој гласи

„Инспекторатот има својство на правно лице."

Член 3

Во член 5, став 1 , после алинеја 1, се додава нова алинеја 2 која гласи

- Преносlива опрема под притисок,

Алинеите 2, 3, 4 и 5, стануваат алинеи 3, 4, 5 и 6.

По став 2 се додаваат 2 нови става кои гласат:

Инспекторатот, за одделни прекршоци определени со закон може да води прекршочна постапка и може да изрече прекршочна санкција.
Постапката од став 3 на овој член ја води комисија составена од службени лица овластени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата ( во натамошниот текст : министерот).

Член 4

Во член 12 се додава нов став 7, кој гласи
“Државен инспектор може да биде и лице кое има висока стручна подготовка и најмалку три години работно искуства во струката.”

Член 5

По член 17 се додаваат два нови члена 17-а и 17-б, кои гласат:

Член 17-а

При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот составува записник за утврдената состојба и истиот го предава или доставува до контролираниот субјект.

За отстранување на утврдените недостатоци инспекторот донесува решение со рок за нивно извршување.

Член 17-б

Против решението од член 17-а став 2 на овој закон може да се изјави жалба, преку Државниот инспекторат за техничка инспекција, до министерот за економија во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето.”

Член 6

Во членот 20 став 1 во првата реченица зборот „само” се брише .
По ставот 1 на овој член се додава нов став 2 кој гласи :
„Технички прегледи и периодични испитувања можат да вршат и независни правни лица акредитирани во земјите членки на Европската Унија или земји кандидати за членство во Европската Унија (во понатамошниот текст: странски независни правни лица), под услов нивните акредитациони тела во соодветната област да се потписнички на Договор за меѓусебна признавање на акредитација ( МЛА). “
Ставот 2, кој станува став 3 се менува и гласи :
„Решението за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања од ставот 1 и ставот 2 на овој член го донесува министерот за економија.”

Член 7

Во член 21 став 3, точките 3 и 7 се бришат, а точките 4, 5 и 6 стануваат точки 3, 4 и 5.
По ставот 3 на овој член се додава нов став 4 кој гласи :
„Независното правно лице 2 на член 20 став 2 на овој закон поднесува барање за овластување за вршење на технички преглед и периодично испитувања, кон кое е должно е да достави :

1) Валиден сертификат за акредитација за предложениот опсег која ќе биде прифатена и одобрена од Институтот за акредитација на Република Македонија,
2) Доказ дека има склучено договор за осигурување и одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодично испитување,

3) Документ со кој ја докажува квалификуваноста на стручниот кадар“.
Ставот 4 на овој член станува став 5 .
По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи :
„Доколку барањето на странското независно лице ги содржи доказите од став 4 на овој член Инспекторатот го известува министертвото за исполнетоста на условите на правното лице за вршење на технички прегледи и периодично испитувања , во рок од осум дена од денот на приемот на барањето“.
Ставовите 5,6,7,8,9 и 10 стануваат 7,8,9,10 , 11 и 12 .

Член 8

Во членот 30, ставот 2 се менува и гласи :

„Кон барањето од ставот 1 на овој член корисникот е должен да достави извештај за извршениот преглед на техничката опрема од независно правно лице и договор со независното правно лице кое ќе врши технички преглед и периодични испитувања, а кој е претходно заверен на нотар“.

Член 9

По членот 30 се додава нов член 30-а кој гласи :

Член 30-а

„Корисниците на техничката опрема се должни во секое време да овозможат непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на државните технички инспектори со непосреден увид на техничката опрема и техничката документација.”

Член 10

Во членот 36 став 1, во точката 4 после зборот „инспекторатот”, текстот до крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „донесува решение за ставање вон употреба на техничката опрема “.

Член 11

По членот 36 се додава нов член 36-а, кој гласи :

Член 36-а

„Против решението од член 36 став 1 на овој закон може да се изјави жалба , преку Државниот инспекторат за техничка инспекција, до министерот за економија во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението. “

Член 12

По членот 37 се додава нов член 37-а кој гласи :

“ Член 37-а

„Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор овластениот инспектор утврди дека е сторена неправилност од член 38- а став 1 точка 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), и 11), овластениот инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди

сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор .

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот за економија кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на Државниот инспекторат за техничка инспекција .

Едукацијата ја организира и спроведува инспекторатот, односно органот на државната управа кој што го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од 8 дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилност за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност

Доколку овластениот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

Доколку овластениот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган.

Инспекторатот, односно органот на државната управа кој што го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за економија кој раководи со органот на државната управа кој што ја организирал и спровел едукацијата.”

Член 13

Членот 38 се менува и гласи :

Ако државниот инспектор за техничка инспекција , при вршењето на инспекциски надзор утврди дека правното лице :

1) секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Македонија, не го пријави до Инспекторатот ( член 7 став 2) ;

2) не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење на технички преглед и периодично испитување ( член 28);

3) како корисник на техничката опрема не го пријави до Инспекторатот по спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, не поднесе барање до Инспекторатот за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот преглед на опремата ( член 30);

4) не ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис ( член 31);

5) не изготви извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот не го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршување на активностите ( член 32 став 1);

6) во рок од седум дена од денот на добивањето на извештајот за извршениот техничкиот преглед и периодичното испитување, а доставен од независното правно лице, ако е потребно во зависност од техничката опрема, не го достави до Инспекторатот ( член 33);

7) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење на технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања, не го извести Инспекторатот ( член 34);

8) не ја исклучи од работа техничката опрема доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичното испитување е негативен, а не ја исклучи од работа техничката опрема и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за тоа не го извести Инспекторатот ( член 35 став 1) ;

9) за продолжување на употреба на техничката опрема не ги отстрани причините за негативниот извештај, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за резултатите не го извести Инспекторатот ( член 35 став 2) ;

10) не ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба ( член 36 став 2) ;

11) не постапи по решението на државните инспектори; и

12) го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор и не му овозможува пристап и увид на техничката опрема и техничката документација (член 31-а).”

За дејствијата од точките 1, 2 и 3 од овој став ќе донесе решение за привремена забрана на вршење на дејноста во траење од 30 дена.

Доколку правното лице не постапи по укажувањата од член 11 од овој закон , за дејствијата од ставот 1 точките 4,5,6,7,8,9,10,11 и 12 ќе донесе решение за привремена забрана во траење од 30 дена .

Против решението од став 1 и став 2 од овој член може во рок од осум дена од денот на приемот на решението да се изјави жалба до министерот за економија.

Жалбата изјавена против решението на овој член не го одлага извршувањето на решението.

Член 14

По член 38 се додаваат 4 нови члена кои гласат :

Член 38-а

“Глоба во износ од од 300 евра во денарска противредност ќе се изрече на самото место за прекршок на физичкото лице – корисник на опремата ,ако :

1) секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Македонија, не го пријави до Инспекторатот ( член 7 став 2) ;

2) не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење на технички преглед и периодично испитување ( член 28);

3) како корисник на техничката опрема не го пријави до Инспекторатот по спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, не поднесе барање до Инспекторатот за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот преглед на опремата ( член 30);

4) не ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис ( член 31);

5) во рок од седум дена од денот на добивањето на извештајот за извршениот техничкиот преглед и периодичното испитување, а доставен од независното правно лице, ако е потребно во зависност од техничката опрема, не го достави до Инспекторатот ( член 33);

6) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење на технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања, не го извести Инспекторатот ( член 34);

7) не ја исклучи од работа техничката опрема доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичното испитување е негативен, а не ја исклучи од
работа техничката опрема и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за тоа не го извести Инспекторатот ( член 35 став 1)

8) за продолжување на употреба на техничката опрема не ги отстрани причините за негативниот извештај, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за резултатите не го извести Инспекторатот ( член 35 став 2)

9) не ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба ( член 36 став 2) и

10) не постапи по решението на државните инспектори.

11) го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор и не му овозможува пристап и увид на техничката опрема и техничката документација ( член 31-а).”

Овластениот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата .

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од став 1 на овој член ,овластениот инспектор за прекршоците поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.

Член 38-б

Глоба во износ од од 1000 евра во денарска противредност ќе се изрече на самото место за прекршок на правното лице ,ако :

1) во рок од седум дена од денот на добивањето на извештајот за извршениот техничкиот преглед и периодичното испитување, а доставен од независното правно лице, ако е потребно во зависност од техничката опрема, не го достави до Инспекторатот ( член 33);

2) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење на технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања, не го извести Инспекторатот ( член 34);

3) не ја исклучи од работа техничката опрема доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичното испитување е негативен, а не ја исклучи од работа техничката опрема и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за тоа не го извести Инспекторатот ( член 35 став 1);

4) за продолжување на употреба на техничката опрема не ги отстрани причините за негативниот извештај, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за резултатите не го извести Инспекторатот ( член 35 став 2);

5) не ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба ( член 36 став 2) и не постапи по решението на државните инспектори; и

6) го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор и не му овозможува пристап и увид на техничката опрема и техничката документација ( член 31-а)."

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба на самото место од 200 евра во денарска противредност и на одговорното лице на правното лице .

Овластениот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата .

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од став 1 на овој член ,овластениот инспектор за прекршоците поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.

Член 38 - в

Глоба во износ од од 3.500 - 5.000 евра во денарска противредност ќе се изрече на самото место за прекршок на правното лице ,ако :

1) секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Македонија, не го пријави до Инспекторатот ( член 7 став 2) ;

2) не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење на технички преглед и периодично испитување ( член 28);

3) по спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, корисникот до Инспекторатот не поднесе барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот преглед на опремата ( член 30);

4) не ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис (член 31);

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противредност и на одговорното лице во правното лице.

За прекршоците утврдени во овој член државниот технички инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршок постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до надлежен суд.

Член 38-г

Државниот инспекторат за техничка инспекција ја води постапката за порамнување и прекршочната постапка согласно со Законот за техничка инспекција и Законот за прекршоците.

Член 15

Во членот 40 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи :

„Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата од членот 38-а став 2 на овој закон ќе се донесат во рок од петнаесет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Измената и дополнувањето на Законот за техничката инспекција се наметнаа од практиките на Државниот инспекторат за техничка инспекција во однос на дополнување на Законот и тоа:
Со Член 1 во Измените и дополнување на Законот за техничката инспекција се дополнува изразите во членот 2 од Законот за техничка инспекција каде се дадени дефинициите на изразите кои се користат , после точката 6 се додаваат три нови точки 7,8 и 9 кои гласат :
"7. "Инспекциски надзор" е секоја активност која опфаќа проверка на примената на законите и техничките прописи при користење на определена техничка опремач
8." Технички преглед" е секоја активност која опфаќа проверка на проектот, проверка на влезната и излезната документација, проверка на системот на квалитет, проверка на сите испитувања потребни за докажување на безбедноста на техничката опрема како и директна и специфична визуелна контрола;
9." Периодично испитување " е секое испитување потребно за докажување на безбедноста на техничката опрема согласно со стандардите и техничките спецификации според кои истата е произведена."
Точките 7,8 9 станууваат 10 ,11, 12.
И се додава нова точка 13 со кој се дефинира што е одобрено тело :
10. "Одобрено тело" е инспекциско тело кое е одобрено (признато) од овластено тело и кое е: препознатливо во однос на организацијата вклучена во проектирањето, производството, снабдувањето, употребата и одржувањето на опремата што ја испитува; не е директно вклучено во проектирањето, производството, снабдувањето, употребата и одржувањето опремата што ја испитува и кадешто постои јасно разграничување на одговорностите на инспекцискиот персонал од оној на персоналот кој работи на други задачи, што мора да биде утврдено со систематизација и методи на известување на инспекциското тело во состав на организацијата.

Со Членот 2 од Измените и дополнување на Законот за техничката инспекција се дополнува член 3 од Законот за техничка инспекција со став 2 каде се одредува дека " Инспекторатот има својство на правно лице."

Со членот 3 во член 5, став 1 , после алинеја 1, се додава нова алинеја 2 која гласи
- Пренослива опрема под притисок
Алинеите 2, 3, 4 и 5, стануваат алинеи 3, 4, 5 и 6.
Се додаваат 2 нови става каде се одредува за оделни прекршоци определени со закон се води прекршочна постапка и со став 3 се одредува кој ја води постапката атоа Комисија формирана од министерот за економија.
Со член 4 во член 12 се дополнува со нов став со кој се одредува доплнително кој може да врши работата инспектор.

Со Член 5 се додава нов член 17 а и 17 б каде се доуредува постапката на на инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор односно се утврдува составување на записник за утврдена состојба, носење на Решение со рок за негово извршување Во Член 17 б се уредува постапката против решението од член 17а став 2 дека може да се поднесе жалба против Решението во рок од осум дена од денот на донесувањето , се утврдува дека Жалбата не го одлага решението.Во овој член се уредува и Второстепената комисија односно со овој член се овозможува двостепеност на постапката.

Со Член 6 се изменува и дополнува членот 20 став 1 во првата реченица зборот „само" се брише и се дополнува ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кој гласат:

„Технички прегледи и периодични испитувања можат да вршат и независни правни лица акредитирани во земјите членки на Европската Унија или земји кандидати за членство во Европската Унија (во понатамошниот текст: странски независни правни лица), под услов нивните акредитациони тела во соодветната област да се потписнички на Договор за меѓусебна признавање на акредитација ( МЛА). "

" За да можат да вршат дејност независните правни лица од ставот 2 на овој член , мора да регистрираат во Трговскиот регистар кој се води во Централниот Регистар на Република Македонија правно лице или подружница."

Ставот 2 кој станува став 3 и се менува и гласи :

„Решението за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања од ставот 1 и ставот 2 на овој член го донесува министерот за економија." Со воведување на овој член се надминува правниот вакум во одредени области каде сеуште нема акредитирано независни правни лица за вршење на технички прегледи и периодични испитувања .

Во Член 7 се менува и дополнува членот 21 став 3 точките 3 и 7 се бришат а точките 4,5 и 6 стануваат 3, 4 и 5, согласно Одлука на уставен суд на Република Македонија. Воедно во член 6 се утврдува и поднесувањето на барањето на странското независно правно лице и доставување на документацијата .

Со Член 8 се менува ставот 2 од членот 30, и гласи " Кон барањето од ставот 1 на овој член корисникот е должен да достави извештај за извршениот преглед на техничката опрема од независно правно лице и договор со независното правно лице кое ќе врши технички преглед и периодични испитвања, а кој е претходно заверен на нотар."

Со членот 9 по членот 30 се додава нов член 30-а каде корисниците на техничката опрема се должни во секое време да овозможат непречено вршење на инспекциски надзор од страна на државните технички инспектори со непосреден увид на техничката опрема.

Со Член 10 се менува членот 36 став 1, во точката 4 после зборот "инспекторатот", а останатиот текст се брише и се додава зборови донесува решение за ставање вон употреба на техничката опрема.. Ова измена е потребна затоа што решението за

употреба на техничката опрема го донесува инспекторатот а не инспекторот согласно Законот за техничка инспекција ( член 7 став 1)
Со член 11 се додава нов член 36-а Против решението од член 36 став 2 на овој закон може да се изјави жалба , преку Државниот инспекторат за техничка инспекција, до министерот за економија во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението. Меѓутоа "Жалбата не го одлага извршувањето на решението. "Со овој член се овожможува двостепеност на постапката.
Со членот 12 се додава нов член 37 -а по однос на Постапка за едукација на овластените инспектори
Со Член 13 се додава нов член 38 во врска со категоризација на прекршоците и е уредена управната постапка .
Со Член 14 се додаваат нови 4 члена во врска со прекршоците намалување на прекршоците , и казнување по однос на категоризација на прекршокот.

Со член 15 Во членот 40 по ставот 2 се додава нов став 3 и гласи :
„Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата од членот 38-а став 2 ќе се донесат во рок од петнаесет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон."

"

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со измените и дополнувањата на Законот за техничката инспекција се предвидуваат , се допрецизираат и уредуваат одредби на постапката на инспекторот во Државниот инспекторат за технички инспекција, се утврдува постапката на овластување од страна на министерот за економија
на странските независни правни лица акредитирани во земјите членки на Европската Унија или земји кандидати за членство во Европската Унија (во понатамошниот текст: странски независни правни лица), под услов нивните акредитациони тела во соодветната област да се потписнички на Договор за меѓусебна признавање на акредитација ( МЛА). Воедно со тоа се постигнува покривање на областите за кои немаме овлатени независни правни лица во Република Македонија.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања ќе се реши вакум просторот во оние области за кои немаме независни правни лица за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на опремата .

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 2

Значење на изразите во овој закон:

1. „Техничка опрема” се уредите, машините и инсталациите кои подлежат на ехничка на техничка инспекција, согласно со овој закон,а се наменети како средства за вршење на дејност  или како техничка опрема за општа употреба;
2. „Производител” е физичко или правно лице регистрирано за вршење на дејност во Централниот регистар на Република Македонија кое врши проектирање,конструирање,производство,вградување, или составување слочени инсталации,пуштање на пазар,репарирање или значителна промена, а во одредени случаи, става ознака за сообразност и изготвува изјава за сообразност ;
3. „Користење” е било која активност поврзана за техничката опрема, која се однесува и на : техничка инспекција, пуштање во работа, исклучување од работа, приспособување, програмирање,одржување, сервисирање, проверка, сигурносни мерки во случај на откажување, пренамена, отстранување, како и транспорт ;
4. „Користење на техничката опрема” е физичко или правно лице кое е сопственик на опремата или зема под наем опрема за вршење на сопствена дејност, или се јавува како работодавач со техничката опрема ( во натамочниот текст: корисник ;
5. „Тип на производ “ е производ за кој се обезбедува сертификат за тип согласно со прописите за безбедност на производите ;
6. „Ставање во употреба” е постапка со која се одобрува користење на техничката опрема ;
7. „ Техничка инспекција “ е вршење на инспекциски надзор и технички преглед и периодични испитувања ;
8. „Значителна промена на техничката опрема “ е секоја активност која влијае на нејзината безбедност. За значителна промена се смета и секое сервисирање, одрчување или поправка кои влијаат на безбедноста на техничката опрема и
9. „Независно правно лице “е правно лице кое своите работи ги врши независно и непристрасно во однос на заинтересираните страни.

Член 3

1. Работите на инспекцискиот надзор на техничка опрема ги врши Државниот инспекторат за техничка инспекција ( во натамочниот текст: Инспекторат), како орган во состав на министерството надлежно за работите од областа на економијата ( во натамошниот текст: министерство.

Член 5

Инспекторот врши инспекциски надзор на примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема во следните области:

-опрема под притисок
-лифтови,жичари,дигалки и транспортери,
-производи и постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера,
-електроенергетски постројки,електрични производи и уреди и
-експлатација на минерални суровини
Инспекторот врши инспекциски надзор и над примената на законите и другите прописи при вршење на геолоѓките истражувања и експлатација на минералните суровини согласно законот за минерални суровини.

Член 20

Технички прегледи и периодичнои испитувања може да врши само правно лице со седиште во Република Македонија кое е регистрирано во тргвскиот регистар кој се води во Централниот Регистар на Република Македонија за вршење на една или повеќе дејности од областите утврдени во член 5 став 1 на овој закон како приоритетна и кое има добиено решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања .

Решение за исполнетоста на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања од став 1 на овој член го донесува министерот за економија.

Член 21

За утврдување на компетентноста, правното лице е должно да спроведе постапка за акредитација во Република Македонија, согласно со прописите за акредитација.

По стекнувањето со сертификат за акредитација, правното лице поднесува барање за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања до Инспекторатот. Во барањето се наведува за која од областите од членот 5 став 1 на овој закон правното лице бара да му се издаде решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

Кон барањето од ставот 2 на овој член правното лице е должно да достави:

1) решение за упис во трговскиот регистар;

2) доказ дека има склучено договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодични испитувања;

3) доказ дека правното лице не е осудено за кривично дело што го прави неподобно за вршење на технички прегледи и периодични испитувања не постар од шест месеци;

4) доказ за позитивен бонитет, а за друштвата кои се новоосновани изјави од одговорното лице во правното лице дека во рок од шест месеци сметано од денот на издавањето на решението за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, ќе достави доказ за позитивен бонитет;

5) сертификат за акредитација;

6) доказ дека не му е изречена забрана за вршење на дејност технички прегледи и периодични испитувања издадена од надлежен суд.

Доколку барањето ги содржи доказите од ставот 3 на овој член Инспекторатот го известува министерството за исполнетоста на условите на правното лице за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето.

Доколку барањето не ги содржи доказите од ставот 3 на овој член, Инспекторатот го повикува правното лице да го дополни барањето во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето.

Доколку правното лице не го дополни барањето со доказите од ставот 3 на овој член во утврдениот рок од ставот 4 на овој член, министерот за економија донесува решение со кое го одбива барањето на правното лице.

Врз основа на известувањето од ставот 4 на овој член, министерот за економија во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето донесува решение за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на правното лице.

Доколку решението за исполнетост на условите вршење на технички преглед и периодични испитувања не било донесено во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето, се смета дека правното лице ги исполнува условите од членовите 23 до 26 на овој закон.

Доколку правното лице не ги исполнува условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, министерот за економија донесува решение со кое го одбива барањето на правното лице.

Против решението од ставовите 6,7 и 9 на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Член 30

По спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната опрема, корисникот до Инспекторатот поднесува барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот преглед на опремата.

Кон барањето од ставот 1 на овој член корисникот е должен да ја достави особено и следнава документација: извештај од извршениот преглед на техничката опрема од независно правно лице, изјава заверена од нотар дека има склучен договор со независно правно лице кое ќе врши технички прегледи и периодични испитувања, распоред за вршење на технички преглед и периодични испитувања и други документи утврдени во техничките прописи за секоја одделна област.

Врз основа на поднесеното барање, Инспекторатот врши проверка на приложената документација од ставот 2 на овој член за да ја утврди исполнетоста на условите за ставање во употреба на техничката опрема.

Во случаите кога е доставена документацијата од ставот 2 на овој член Инспекторатот по извршената проверка, донесува решение за ставање во употреба на техничката опрема на корисникот, во рок од седум дена од денот на поднесувањето на барањето.

Решението за ставање во употреба на техничката опрема од ставот 4 на овој член Инспекторатот го евидентира согласно со членот 7 став 3 на овој закон.

Член 36

Доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичните испитувања е негативен поради причини кои не можат да се отстранат како :

1) оштетување на техничката опрема чија поправка предизвикала значителна промена;
2)неповратна деградација на својствата на техничката опрема кои ја гарантираат нејзината безбедност;
3) промена налокацијата и условите на користење на техничката опрема и
4) промена на намената на техничката опрема, инспекторот е должен да донесе решение со кое ќе нареди ставање вон употреба на техничката опрема за која донел решение за нејзина употреба.

Доколку корисникот има за цел да ја корсти техничката опрема од ставот 1 на овој член, после изведените зафати врз неа, е должен да ја спроведе целата постапка за техничка инсекција при ставање во употреба.

Член 38

Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако :

1) секој тип на производ наменет за пуштање на пазар во Република Македонија, не го пријави до Инспекторатот ( член 7 став 2) ;
2) не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење на технички преглед и периодично испитување ( член 28);
3) по спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, корисникот до Инспекторатот не поднесе барање за ставање во употреба на техничката опрема веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот преглед на опремата ( член 30);
4) не ги реализира актвностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис ( член 31);
5) не изготви извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот не го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршување на активностите ( член 32 став 1);
6) во рок од седум дена од денот на добивањето на извештајот за извршениот техничкиот преглед и периодичното испитување, а доставен од независното правно лице, ако е потребно во зависност од техничката опрема, не го достави до Инспекторатот ( член 33);
7) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење на технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за

други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања, не го извести Инспекторатот ( член 34);

8) извештајот од техничкиот преглед и периодичното испитување е негативен, а не ја исклучи од работа техничката опрема и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за тоа не го извести Инспекторатот ( член 35 став 1)

9) за продолжување на употреба на техничката опрема не ги отстрани причините за негативниот извештај, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема, за резултатите не го извести Инспекторатот ( член 35 став 2)

10) не ја спроведе целата постапка за техничка инспекција при ставање во употреба ( член 36 став 2) и

11) не постапи по решението на државните инспектори.

Глоба во износ од 1.300 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од став 1 на овој член.

Глоба во износ од 1.300 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од став 1 на овој член.

За дејствијата од став 1 на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење на дејност, во траење од шест месеци до пет години, а на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на работи сврзани со располагање, користење, управување и ракување со техничката работна опрема во траење од една до пет години.

Државните нспектори за прекршоците од ставот 1 точки 1,3,5,6 и 7 на овој член можат да му изречат мандантна казна на самото место на правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност, на одоговорното лице во правното лице во износ од 200 евра во денарска противвредност, а на физичкото лице во износ од 200 евра во денарска противвредност.

За прекршоците од ставот 1 на овој член е надлежен судот.